Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ДЕНТАЛНА ФОТОГРАФИЈА			
2.	Код	ДССП6			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	**Одговорен наставник Проф. Д-р Сања Панчевска,** Проф. Д-р Елизабета Ѓоргиевска, Проф. Д-р Надица Јанева, Проф. Д-р Наташа Ставрева			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			

11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на програмата е студентите да стекнат теоретски и практични знаења за правилна употреба на денталната фотографија како дел од дијагностиката, документацијата, комуникацијата и естетското планирање на денталните изработки. Студентите ќе бидат способни да изведуваат стандаризирани дентални фотографии, да користат соодветна фотографска опрема, да ги обработуваат сликите за клиничка употреба и да имплементираат протоколи за безбедност и професионална етика при фотографирање во стоматолошка средина.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје - Поглавје 1 – Вовед во денталната фотографија, опрема и технички поставки Вовед во дентална фотографија и историја на фотографијата; Развој на фотографската технологија, нејзината примена во стоматологијата и современи трендови ..... 3 часа Специфичности, значење и важност на денталната фотографија; доверливост и етички аспекти; Примена на фотографијата во дијагностика, документација, комуникација со пациенти и со стоматолошкиот тим; правни аспекти и етички насоки ..... 3 часа Опрема за дентално фотографирање; Видови дигитални фотоапарати, макро-леќи, twin flash vs. ring flash, ретрактори, огледала и други додатоци ..... 3 часа Подесување на камерата – технички параметри и оптимални поставки; Практично објаснување на ISO, отвор на бленда, брзина на експозиција, баланс на бело и избор на фокус ..... 3 часа Фотографско место – контрола на светлина и позадина; Уредување на работната околина за оптимално фотографирање: користење на дифузери, природно/вештачко светло, неутрални позадини и избегнување на сенки и рефлексии ..... 3 часа *Резултати од 1.поглавје: Студентите ќе се запознаат со основите на денталната фотографија, со акцент на нејзината еволуција, значење во клиничката пракса и етички аспекти; ќе стекнат знаење за типови на камери, леќи и додатоци, како и подесувања неопходни за постигнување на прецизни и јасни дентални фотографии.* Поглавје 2 – Техники на различни видови дентални фотографии Класификација на дентални фотографии и нивна цел; Екстраорални, интраорални, функционални и лабораториски фотографии ..... 3 часа Техники за екстраорално фотографирање; Фотографирање на цело лице (фронтална и латерална перспектива), усни, избор на боја со помош на скали за боја, фотографии „пред и потоа“ ..... 3 часа Техники за интраорално фотографирање; Прецизно позиционирање, користење на ретрактори и огледала, правилно фокусирање и компонирање на: фронтална, латерална, горновилична и долновилична оклузална фотографија ..... 3 часа Фотографирање на лабораториски модели и протетички реставрации; Снимање на работни модели, дијагностички восочни проби и финални реставрации за документација, презентација и комуникација со лабораторијата и со денталниот тим ..... 3 часа Фотографија и анализа на насмевка; Улога на фотографијата во дизајн на насмевката, дигитално дизајнирање на насмевката и софтвери за естетска анализа ..... 3 часа *Резултати од 2.поглавје: Студентите ќе стекнат практични вештини за фотографирање на лице, усна празнина, лабораториски модели и протетички реставрации, со примена на стандардизирани агли и техники; ќе добијат сознанија и за улогата на фотографијата во анализа на насмевката и дигиталниот дизајн, со цел да се поддржи естетската и функционална рехабилитација.* Поглавје 3 – Обработка и користење на денталните фотографии, безбедност при фотографирање Стандардизација и протоколи за фотографирање; Создавање на фотографии за следење на терапија, естетска проценка и клиничка документација ..... 3 часа Обработка на денталните фотографии – основни и напредни техники;

		анализа на микрофотографии ..... 3 часа Изработка и едитирање на видеа; Основи на видео-продукција, користење на фотографии и видеа за креирање на едукативен или маркетинг материјал ..... 3 часа Примена на фотографии: комуникација, едукација, публикации и маркетинг; Фотографии како средство за едукација на пациенти, презентација, публикување и користење во дигитален маркетинг и на социјални мрежи ..... 3 часа Безбедност и контрола на инфекција при фотографирање во стоматолошка ординација; Асептични техники, покривање на опрема, дезинфекција и протоколи за сигурност при клиничко фотографирање ..... 3 часа *Резултати од 3.поглавје: Студентот ќе научи како да стандардизира, обработува и безбедно користи дентални фотографии за клиничка документација и едукација на пациентите. Дополнително, ќе се стекне со знаење за протоколите за контрола на инфекција при фотографирање во дентална практика.* Вкупно ..... 45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Естетика на керамичките фиксно протетички реставрации Естетски мобилно-протетички реставрации		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	40	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20	
	19.3.	Завршен испит: бодови	40	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)	
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Wolfgang Bengel	Mastering dental photography	Quintessence Publishing Co, Ltd. London	2006
		2.	Irfan Ahmad	Essentials of Dental Photography	Wiley Blackwell	2020
		3.	Предметни наставници	Авторизирани предавања	Стоматолошки факултет - Скопје	2019
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.				
		2.				
		3.				